Australian Government

Be Connected
Every Australian online.

# Добивање помош




Ако имате проблеми на интернет, нека не ве фаќа паника! Има места каде може да побарате помош и работи што сами можете да ги направите.

## Мислам дека сум измамен

Ако мислите дека сте жртва на измама (scam), не се чувствувајте посрамени и не го кријте тоа. Има нешта што може да ги направите за да се реши проблемот.

1. Јавете и се на вашата банка и престанете да му плаќате на измамникот.
2. Измамата пријавете ја на ACCC (Австралиската комисија за конкуренција и потрошувачи - Australian Competition and Consumer Commission). Обратете се за помош и информации за измами на интернет страницата www.scamwatch.gov.au
3. Зборувајте за тоа. Ако знаете уште некој кој бил измамен, кажете му за вашиот случај.

## Мислам дека мојот компјутер има вирус




**Ова е измама**

Ако вашиот компјутер се однесува чудно, може да е заразен со вирус. Некои вообичаени знаци на вирус се:

- Пораки во кои се вели дека вашите документи (files) се блокирани и дека треба да платите за да се одблокираат.
- Програми кои не почнуваат да работат.
- Интернет страници (websites) што се отвораат сами од себе, иако вие не сте ги активирале.
- Реклами (ads) што се појавуваат и го покриваат екранот на вашиот компјутер.
- Вашиот компјутер работи многу бавно.

# Добивање помош

Ако мислите дека имате вирус, направете го следното:

1. Отворете ја вашата анти-вирус програма (antivirus software) и направете рачно скенирање (manual scan). Тоа би можело да открие некој проблем.
2. Ако сте претплатени на некоја платена антивирусна програма, јавете се на нивната линија за помош. Дел од цената на претплатата би требало да го вклучува пристапот до дежурна линија за помош (help hotline).
3. Јавете се на компјутерска поддршка (computer support). Ако ништо од тоа не помага, време е да се побара помош. Најнапред побарајте помош од некој роднина кој се разбира во компјутери или најдете некој локален сервис за компјутери.




**Имате вирус? Не паничете**

## Мислам дека некој ја знае мојата лозинка (password)

Ако мислите дека некој друг имал пристап на некоја од вашите интернет сметки (accounts), најважно е да ја смените лозинката што е можно поскоро. Отворете ја интернет страницата (website), најдете го поглавјето за помош (Help) и местото каде можете да ја смените вашата лозинка.




**Сменете ја лозинката**

## Кога да се побара помош

Можеби најважно од сè е да се знае кога да се побара помош. Не се срамете затоа што имате некој проблем. Проблемите се со луѓето, па затоа најдете некој кој ќе ви помогне. Тоа може да бидат стручњаците за борба против измами од ACCC, некој пријател или роднина што се разбира во техника, па дури и локален компјутерски техничар. Секогаш има некој кој може да помогне.